**ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА СРБИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА**

---

**До: СРЕДСТВАТА ЗА ЈАВНО ИНФОРМИРАЊЕ**

# С О О П Ш Т Е Н И Е

**Чувствуваме обврска да ја подсетиме јавноста дека вечерта на денешен ден пред 6 години паднаа првите НАТО бомби врз земјата од која потекнуваме, паднаа врз главите на нашите поблиски или подалечни роднини, врз нашите пријатели, ги разурнуваа гробиштата на нашите претци. Во следните 78 дена и исто толку ноќи убивани се деца, луѓе, разурнувани се куќи, фабрики, мостови, пруги, болници, училишта, најмалку воени објекти.**

**Билансот на несфатливото дивеење на најмоќната машинерија за производство на смрт се 2.500 загинати, од кои 557 цивили, 12.500 ранети, над 5.000 доживотни инвалиди, за економската штета да не зборуваме.**

**Со 10.000 проектили југот на Србија е загаден со 3 тони осиромашен ураниум, убиец кој со векови ќе ги зема своите жртви.**

**Сето ова во име на спречување на наводната хуманитарна катастрофа која постоеше само во главите на господарите на војната. За цинизмот да биде поголем, воената акција која и донесе пустош на една европска земја со историја и култура за паметење, е наречена “Милостив ангел“.**

**Тој “Ангел”, 24 Март 1999 година со црни букви е запишан во богатата историја на српскиот народ и никогаш нема да биде заборавен.**

**Сочувствуваме со сите жртви на војната и се потсетуваме, за да не се повтори тоа лудило.**

**Скопје, 24 март 2005**

**Демократска Партија на Србите во Македонија**
**Претседател**
**Иван Стоилковиќ**